(Слика)

# Јованов Живко

## Носител на советничка група

*БР.*

(Грб )

# П Р О Г Р А М А

## и Проекти за период од

## 2013 до 2017 година

НА ЈОВАНОВ ЖИВКО НОСИТЕЛ НА СОВЕТНИЧКА ГРУПА НА ЛИБЕРАЛНА ПАРТИАЈ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**ИМАМ СТАВ**

## Либерална партија

## Задачи и основни цели

Почитување на Законот за локална самоуправа

Транспарентно водење на сите Јавни набавки

Развој на економијата, непосредна соработка со друштвата

Подобрување на инфраструктурата во Општината

Редовни контакти со граѓаните

Создавање услови за нови инвестиции

### ЕКОНОМИЈА

**Формирање на Комитет за економски развој на општината.**

- Комитетот ќе биде составен од директорите/менаџери на фирмите од општината, научни работници од економијата,претставници од локалната самоуправа и претставници од политичките партии во градот Кавадарци.
- Комитетот ќе има советодавен карактер и ќе дава идеи за изготвување на Проекти за економски развој на општината.

**Создавање услови за привлекување на инвеститори**

- Преку обезбедување на локации за изградба на нови фабрики и овозможување на бенефити во рамките на законските прописи.
- Соработка со локалните инвеститори за нивните потреби во доизградба на инфраструктурните објекти.

**Обезбедување на Софтвер – како дата – податоци за производните капацитети во општината и тоа:**

- искористеност на капацитетите на фирмите,
- евидентирање на производството по количина и квалитет,
- структура на вработените лица и други податоци кои ќе овозможат подготовка на анализи кои ќе бидат основа за изготвување на развојни програми.

**Формирање на Одделение кое ќе се занимава со развојни програми и испитување на пазарите за пласман на производите од општината.**

- Тесна соработка со Агенцијата за привлекување на странски инвестиции( Промотори на РМ ), АППРМ,УСАИД, ГТЗ, МЗШВ, МЕ и други институции.

**Обука на вработени лица**

- за користење на сите домашни и странски донации,
- за кредитирања и техничка подршка на пртпријатијата и ставање во функција на изготвување на програми и барања во координација со менаџерите во претпријатијата.

**Изготвување на Елаборат за можните потенцијали за развој на општината од аспект на природни ресурси:**

- Минерални сировини,
- Земјоделски производи како база за преработка,
- Енергенси (водени потенцијали, соларна енергија, ветерна енергија),
- Развој на туризмот,
- Занаетчиството;
- Креативни индустрии и др.

**Мали хидроцентрали**

- Обезбедување на услови (геолошки снимања, разни мереја и истражувања) за определување на локации за изградба на мали хидроцентрали во атарот на с. Бојанчиште ( има индикации дека на овој дел има можност за изградба на 17 мали мини хидроцентрали) и други локации во општината.

**Формирање на Комитет за лозарство**

- Истиот ке биде составен од представници од локалната самоуправа, претставници на лозарите, научни работници од лозарството и економијата, претставницио од Владата на РМ.
- Основна задача ќе биде решавање на откупот на грозјето преку:Предлог за измена на законската легислатива; Предлог за донесување на подзаконски акти; Предлог за намалување на царините за средствата за прскање; Создавање дијалог преку Економско –созијалниот совет за решавање на проблемот со редовна исплата на откупеното грозје; Воспоставување на Коперантски односи на лозарите со откупувачите на грозје и Продолжување на исплатата на субвенциите за лозарството.

**Зелени економски зони**

- Изготвување на Елаборат за апликација за отварање на Зелена економска зона во Општина Кавадарци и обезбедување на финансиски сретства за изградба на инфраструктута.
- Главна цел е подршка на одржливиот економски развој преку подобрување на бизнис климата со поттикнување на развојот на малите и средните претпријатија кои користат чисти и напредни технологии и кои штедат енергија.
- Погодна локација е во делот на височрамнината Витачево према планината Кожув.

**Иновации и патенти**

- Планирање на финансиски сретства во Буџетот на општината за подршка на иноваторите во претпријатијата во општината и финансирање на дел од сретствата за реализација на регистрирани патенти.

**Регионална занаетчиска комора**

- Подршка за регистрација на Регионална Занаетчиска комора.
- Обезбедување на простории за првата година на нивното функционирање.
- Поврзување со успешни занаетчиски комори од други држави.

**Сточарски фарми и рибници**

- Логистичка подршка за формирање и инвестирање на сточарски фарми и рибници со странски и домашни инвеститори.
- Посредување за дефинирање на локации и обезбедување на согласности и друга документација од државните институции.

**Пчеларство**

- Подршка на Пчеларските организации преку организирање на разни едукации и обуки под покровителство на Локалната самоуправа и водење на активна кампања за успешно функционирање на пчеларството.

**Бизнис секторот**

- Соработка со Бизнисмените, Ротари клубот од Кавадарци и невладините институции.
- Одржување на средби и разгледување и анализирање на сите иницијативи за подобрување на бизнис климата и решавање на нивните проблеми кои се во надлежност на Локалната самоуправа и подршка на иницијативи кои се решаваат во други институции.

**Трговски организации**

- Соработка со Трговските организации во насока на исполнување на нивните реални барања за успешно снабдување на населението со квалитетни и конкурентни потрошувачки производи.
- Заедничка активност во намалување на нелојалната конкурентнот и сивата економија.

**Соработка со општините**

- Соработка со соседните општини и општините од Вардарскиот регион за воспоставување на проекти од заеднички интерес.
- Активно учество во ЗЕЛС во насока на спроведување на Законот за децентрализација и подобрување на бенефитите на локалната самоуправа.

**Гасен цевовод**

- Максимална подршка на централната власт за реализација на инсталирање на гасен цевовод до општината.
- Потребните одлуки за вклопување во ДУП ке бидат спроведени по хитна постапака.

**Сообраќај**

- Соработка со превозниците кои имаат лиценци и таксистите со посебен третман на нивните барања до Локалната самоуправа и посредување до други институции.

- Редовно сервисирање на сообраќајната сигнализација и сообраќајните знаци

**Индустрија**

- Подршка на Прехранбената индустрија,Текстилната,Дрвната и Металопреработувачката. Посредување од Локалната самоуправа за зачленување во постоечките Кластери во РМ преку кои може да се користат и одредени бенефити; донации,поволни кредитирања и слично и подршка на Кластерот „Вински пат„.

**Програма „Вработи се во родниот крај„**

- Организиран настап за спроведување на практична настава на најдобрите студенти во претпријатијата во општината со цел задржување на високо образовниот кадар во општината.
- Редовна комуникација со студентите и водење евиденција за стручниот кадар во општината со воведување на програмска политика „ вработи се во родниот крај„

## ИНФРАСТРУКТУРА

Подршка и реализација на Проектот „ Бошава„ за решавање на проблемот за недостаток вода за пиење и технолошка вода. Со реализација на овој проект подолгорочно се решава проблемот на водоснабдување во општината и пошироко.Обновување и санирање на канализационата мрежа што е дел од овој проект ќе создаде услови за редовно и навремено снабдување со вода на обработливото земјиште

Изготвување на Проект за патниот правец „Југокомерц„-Витачево во должина од приближно шест километри.По изготвување на проектот ке се аплицира за обезбедување на финасиски сретства од разни институции за изградба на овој патен правец кој со изградбата ќе го растерети метежот во градот од тешки товарни возила.

Изготвување на проект за изградба на мост во горниот дел од с.Ваташа.По изготвување на проектот ке се аплицира за обезбедување на финасиски сретства од разни институции за изградба на истиот.Со изградбата на овој мост се решава едно тесно грло во сообраќајот во с. Ваташа кое досега предизвикуваше многу жртви.

Решавање на започнатите објекти во новиот дел на градот; Судска палата, Пионерски дом, котлара. Приоритет ке биде регулирање на сопственоста и пренесување во надлежност на Локалната самоуправа.Потоа изготвување на елаборат за доградба на принципот на Јавно приватно партнерство.Се планира објектите и просторот околу нив да се урбанизира. Во еден дел од објектите ке се создадат услови за работење на Бизнис центар каде ке има можност за едукација, обука и место каде младите ке се информираат за вработување и создавање на нови работни места. Намерата е преку разни институции (УСАИД, УНДП, амбасади и др) да се подржат проекти кои ќе создадат нови работни места и проекти кои ќе создаваат нова додадена вредност во производството.

Продолжување на активностите за изградба на пречистителна станиза на рекат Луда Мара.

Решавање на канализационата и водоводната мреша во индустрискиот дел на градот.Изготвување на елаборат, обезбедување финансиски сретства и отпочнување на изградбата.Создавање услови и за нови инвеститори.

Редовно одржавање и санирање на улиците кои се во надлежност на Локалната самоуправа.Едновремено ке се направи динамика за реализација за поплочување на тротоарите.Одржувањето на зеленилото редовно ке биде во годишните програми на Јвното претпријатие.

Обезбедување на финасиски средста за селективно собирање на отпадот.Преку Програма која ке опфати и обезбедување на канти и контејнери за селективно собирање на отпад и обезбедување на возила за превоз на отпадот ке се постави рамка за аплицирање за обезбедување на финансиски средста.Партнер во оваа активност ќе биде МЖСПП.

Максималан соработка со ЕВН за воспоставување на уедначен напон на електричната енергија на целата територија на Општина Кавадарци.Воспосравување на дијлог за рационално користење на уличното осветление преку инсталирање на систем на штедење ( инсталација на нови светилки кои трошат помалку струја).

Организирање на јавна расправа во селските населби за потребата од изградба на патна и комунлна инфраструктура. По завршување на јавната расправа ке се изготви Програма со Акционен план за реализација на потребите на населението во селските населени места.Програмата ке биде составен дел на Буџетот на Локалната самоуправа а едновремено ке се бараат и донаторски сретства од разни институции.

## КУЛТУРА И СПОРТ

Подршка на традиционалните културни манифестации; Тиквешки гроздобер, детскиот фестивал Гроздоберче, Тиквешка хорска манифестација,

Покровителство од Локалната самоуправа за значајни дати од богатата историјата на општината.Продолжување соработката со збратимените градови од другите државаи.

Редовни контакти со новинарите, транспарентност во реализација на сите програмски обврски.

Развој на спортот во насока на обезбедување на спонзори за поголем дел од спортовите. Воспоставување контакти со спортските федерации за изнаоѓање решенија за обезбедување на финансиски средства за формирање и одржување на младински школи за спортовите во општината.Формирање на Комитет за спорт составена од бивши и сегашни спортисти и спортски работници од локалната самоуправа и од Агенцијата за млади и спорт на РМ, кој ке се занимава со сите отворени прашања во спортот во општината меѓу кои и за подобрување на спортските терени.